ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 04/24



**26.02.2024 година**

# РЕФЕРАТ

**за избор на наставник за наставно-научна област: „Друго - Е-бизнис“ (50329-Фраскатиева класификација), од научно поле: „Економски науки“ (503-Фраскатиева класификација) на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер“ на ден 22.09.2023 година, за избор на наставник во сите наставно – научни звања за наставно-научна област: „Друго - Е-бизнис“ (50329-Фраскатиева класификација), од научно поле: „Економски науки“ (503-Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје, на 265-та седница, одржана на ден 28.11.2023 година, донесе Одлука бр.02-1060/1 за формирање Рецензиона комисија во состав:

1. Редовен проф. д-р Сашо Јосимовски - претседател;
2. Редовен проф. д-р Божидар Миленковски - член и
3. Редовен проф. д-р Александра Станковска - член.

По направената анализа на доставените документи, рецензионата комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје да го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно – научни звања за наставно-научна област: „Друго - Е-бизнис“ (50329-Фраскатиева класификација), од научно поле: „Економски науки“ (503-Фраскатиева класификација) на Факултетот за информатика во предвидениот рок се пријави само кандидатот вонреден професор д-р Александра Андреска Саревска.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-745/1 од 25.09.2023 година и приложените документи: Професионална биографија – CV; Диплома за научен степен доктор на науки; Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од истите; Други докази за исполнетоста на условите за избор во

соодветно наставно-научно звање согласно Законот за високото образование; Одлука за избор во звање вонреден професор бр.02-249/1 од 28.03.2019 година, рецензионата комисија го констатира следното:

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Александра Андреска Саревска е родена на ден 23.06.1984 година во Скопје.

Основно образование завршува во О.У „Крсте Петков Мисирков" - Скопје. Школувањето го продолжува во Средно економско училиште „Арсениј Јовков" во Скопје.

Во 2007 година дипломира на Економскиот факултет при Европски Универзитет-РМ, на насока: „Банкарски менаџмент" каде се стекнува со назив дипломиран економист. Паралелно со завршувањето на студиите на Економскиот факултет ги завршува и своите студии на Правниот факултет при Европски Универзитет-РМ, на насока: „Дипломатија" и се стекнува со назив дипломиран правник.

Во академската 2007/2008 година, своето образование го продолжува со запишување на постдипломски студии на Економскиот факултет при Европски Универзитет-РМ, на насока: „Здравствен и фармацевтски менаџмент". Во 2009 година го брани магистерскиот труд на тема: „Менаџментот во здравството-креирање на буџети и практика на склучување на договори со здравствените установи" и се стекнува со право на научен степен Магистер на економски науки.

Во текот на 2012 година успешно ги завршува докторските студии на Економски факултет при Европски Универзитет-РМ, со одбрана на докторската дисертација на тема: „Трошоците во функција на рентабилно користење на капацитетите на стопанските субјекти" и се стекнува со научен степен Доктор на економски науки.

## 2. РАБОТНО ИСКУСТВО

Д-р Александра Андреска-Саревска своето работно искуство го започнува со назначување на функцијата Генерален менаџер на Фондација ,,Македонија"-ЕУРМ. Продолжува како Менаџер на Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ" Скопје. Во август 2013 година е избрана во наставно-научно звање Доцент на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет-Република Македонија. Во наставно-научно звање Вонреден професор е избрана во 2019 година на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет-Република Македонија.

Од 2019 година е член на Управен одбор на Европски Универзитет Скопје.

Д-р Александра Андреска Саревска активно е вклучена во наставата на Факултетот за информатика, Факултетот за економски науки и останатите единици во состав на Европски Универзитет Скопје.

Проф. д-р Александра Андреска Саревска од изборот во наставно-научно звање вонреден професор (2019 година) на прв и втор циклус студии ги предава следните наставни предмети:

- Е – бизнис;
- Менаџерска економија;
- Меѓународен менаџмент;
- Меѓународен маркетинг;
- Маркетинг менаџмент;
- Менаџмент на мал бизнис;
- Менаџмент со трошоци во здравството и фармацевтските организации и институции;
- Претприемачки маркетинг менаџмент;
- Маркетинг менаџмент на набавки;
- Маркетинг во безбедноста;
- Маркетинг во здравство;
- Директен маркетинг;
- Маркетинг менаџмент на мали претпријатија;

- Операциони истражувања;
- Проектен менаџмент;
- Претприемништво;
- Управување со бизнис процеси.

Проф. д-р Александра Андреска Саревска е член на повеќе Рецензентски комисии за оценка и одбрана на дипломски и магистерски трудови.

Член е на Почесниот одбор на 11-та Меѓународна научна конференција „Науката и уметноста во услови на пандемија", 12-та Меѓународна научна конференција „Науката и уметноста во функција на оддржливо општество" и 13-та Меѓународна научна конференција „Ново време, нови вредности во науката и општеството".

## 3. ОБЈАВЕНИ КНИГИ / УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИЦИ

1. Д-р Алекса Стаменковски, Д-р Александра Андреска-Саревска (2021), **Директен маркетинг**, второ изменето и дополнето издание, Европски Универзитет Скопје;
2. Д-р Алекса Стаменковски, Д-р Александра Андреска-Саревска (2021), **Меѓународен маркетинг**, второ изменето и дополнето издание, Европски Универзитет Скопје;
3. Д-р Алекса Стаменковски, Д-р Александра Андреска-Саревска (2021), **Промоција**, второ изменето и дополнето издание , Европски Универзитет Скопје;
4. Д-р Алекса Стаменковски, Д-р Александра Андреска-Саревска (2021), **Меѓународен менаџмент**, Европски Универзитет Скопје;
5. Д-р Алекса Стаменковски, Д-р Александра Андреска-Саревска (2022), **Менаџмент со трошоците во здравствените и фармацевтските организации и институции** , Европски Универзитет Скопје.

## 4. ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

1. Проф. д-р Александра Андреска-Саревска, м-р Верица Најдовска, Анализа на бренд капиталот како стратегиски мост-одраз на минатото и патоказ за иднината, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 3 No.5, pp.71-78, 2019, Европски универзитет Скопје;
2. Проф. д-р Александра Андреска-Саревска, м-р Сања Павлова, Негување на иновативност во организациите во ера на пандемија на ковид-19, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 5 No.9, pp.15-20, 2021, Европски универзитет Скопје;
3. PhD Aleksandra Andreska-Sarevska, m-r Sanja Pavlova, Managing and organizing the covid-19 effect on online shopping behavior, 5th International scientific conference. Eman 2021- Economics & Management: Now to Cope with Disrupted Times, pp.275-280, Online, Virtual, March 18, 2021, Belgrade, Serbia;
4. Проф. д-р Александра Андреска-Саревска, м-р Сања Антиќ, Анализа на потрошувачката и промоцијата на медот и пчелните производи во Република Северна Македонија, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 6 No.11, pp.9-18, 2022, Европски универзитет Скопје;
5. Проф. д-р Александра Андреска-Саревска, Управување со е-банкарство, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 7 No.13, pp.15-22, 2023, Европски универзитет Скопје;
6. Проф. д-р Александра Андреска-Саревска, демонстратор Бранкица Димитровска, Видови и политика на управување со е-трговија, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност, Vol. 7 No.13, pp.31-36, 2023, Европски универзитет Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на д-р Александра Андреска Саревска, како и од самиот преглед на изработените, рецензираните и објавени книги, учебници и трудови, се гледа исклучително плоден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Имајќи ги во предвид постигнувањата на кандидатот во наставно-образовната дејност и во научно-истражувачката работа, како и фактот дека ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование, Рецензионата комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје, да ја избере д-р Александра Андреска Саревска за наставник во наставно-научно звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** за наставно-научна област: **„Друго - Е-бизнис“** (50329-Фраскатиева класификација), од научно поле: „Економски науки“ (503-Фраскатиева класификација).

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. Редовен проф. д-р Сашо Јосимовски – претседател

   ________________________

2. Редовен проф. д-р Божидар Миленковски – член

   ________________________

3. Редовен проф. д-р Александра Станковска – член

   ________________________